[redacted]

**From:** contact <contact@avmu.mk>
**Sent:** Tuesday, September 2, 2025 8:03 AM
**To:** zaposta@avmu.mk
**Subject:** [Fwd: Преставка за Алфа]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 02.09.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| УПП 03 | 21 | | |

Automatically forwarded by: contact@avmu.mk
-------------- original message ---------------
Subject: Преставка за Алфа
From: [redacted]
Date: Tue, 2 Sep 2025 06:03:04 +0000
To: "contact@avmu.mk" <contact@avmu.mk>

Почитувани, би сакала да изразам незадоволство и одбивност од телевизиската програма која се нуди на телевизија Алфа. Настрана политичката пропаганда за која изгледа никој не е надлежен во земјава, нејсе - програмската шема не доликува на ниедна современа телевизија од Македонија или регионот, а не дај Боже од светот.
Нема никаква странска серија, нема никакво шоу, нема детска програма, нема ништо кое го имаат на пример српските, бугарските, црногорските, босанските, хрватските, словенските, европските телевизии. Невидена брука е во 2025 година да се прикажуваат народни приказни и политички емисии снимени во такви студија 2 на 2. Еве вие кажете ми која регионална телевизија дава ова?
Нека погледнат што емитуваат сите. Порано Алфа беше одлична, последниве години не знам што и стана. Нема ниедна серија.
Наместо нови содржини они емитуваат реприи на народни приказни, реприи на политички емисии, реприи на српската мизерна емисија. И тоа по цел ден. Па регулира ли некој во земјава кој има, и кој смее да има национална фреквенција?
МОЛАМ ДА РЕАГИРАТЕ до телевизијата, до Советот за етика, до сите релевантни институции во земјава како би се подобрила ситуацијата на македонските телевизии. Нејсе програмите на Сител, Канал 5, Македонската телевизија, Телма не се нешто совршено но барем се инвестира постојано во нови содржини, нови серии, не одат реприи навечер.
Со почит, [redacted]

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is believed to be clean.